

„НИЕ СМЕ ДВИЖЕЧКА СИЛА ВО ОПШТЕСТВОТО, ИНВЕСТИРАМЕ, ИМ ПОМАГАМЕ НА ГРАЃАНИТЕ. НАША ЦЕЛ Е ДА ГО НАПРАВИМЕ СВЕТОТ ПОУБАВО МЕСТО ЗА ЖИВЕЕЊЕ”

# ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ

Македонски Телеком како еден од најзначајните играчи во македонското деловно опкружување има одговорност да постави стандарди и да биде движечка сила во развојот на општеството. Нашата мисија е да го збогатуваме и унапредуваме квалитетот на животот на граѓаните во Република Македонија, а во истовреме да ја подобруваме и средината во којашто работиме. Затоа, континуирано поддржуваме значајни културни и спортски настани, донираме и инвестираме во образованието, здравството, социјалната и детската заштита, притоа промовирајќи ги универзално прифатените вредности за општествена одговорност.

Во 2015 година музиката, спортот и културата беа нашиот фокус кога станува збор за спонзорствата. Со нашата поддршка, го подигнавме спортот на повисоко ниво, продолжувајќи ја соработката со нашиот најдобар ракометен и фудбалски клуб „**Вардар**“, а станавме и генерален спонзор на **Бизнис лигата** во мал фудбал. Традиционално го поддржавме **Охридскиот пливачки маратон** кој што прерасна во врвна спортска манифестација, а во истовреме бевме дел од македонскиот куп во далечинско пливање кој што се организираше на три локации: Козјак, Преспа и Дојран.

Освен во спортот, постојано инвестираме и во музиката, како еден од најзначаните општествени сегменти. Веќе со години station наназад сме партнери на далеку препознатливиот и единствен **Скопски џез фестивал**, како и на детските музички фестивали како што се **Златно славејче, Поточиња и Гроздоберче**. Наша поддршка добија и музичките звезди Каролина, Елена Ристеска и Адријан Гаџа.

Во 2015 година несебично вложуваме и во културата. Меѓу позначајните настани ги издвојуваме **Охридското лето**, манифестација на која што сме пријатели долги години наназад, **Струшките вечери на поезијата**, потоа **Романот на годината** кој што го организира „Утрински весник“. Бевме партнери и на „**Види музика**“, „**Баскерфест**“, потоа на единствениот отворен и масовен фестивал за млади „**Скопје стрит фестивал**“, како и на филмскиот фестивал „**Цифони**“.

Како еден од најголемите донатори, ја продолживме соработката со Првата детска амбасада во светот „Меѓаши“ обезбедувајќи поддршка во спроведувањето на предвидените активности за помош на децата. Истовремено, бевме дел од кампањата “Напред розово 2015-чекори против рак на дојка“ во организација на „Борка“, а преку Црвениот крст обезбедивме поддршка на кампањата „Ден на гладта“, како и помош на настраданото население од поплавите во Тетово.

## ВЛОЖУВАМЕ ВО **СЕГАШНОСТА**, ЗА ДА ЈА ЗБОГАТИМЕ **ИДНИНАТА**!